**Доц.Др. Јонуз Абдулахи**
Факултет за Јавна Администрација ЈИЕУ - Тетово

# СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОМЕНИ И КОРУПЦИЈАТА ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ

## *1.1 Вовед*

Општесвените појави и нивниот меѓусебен однос, како што се современата промена, се третира од еден мултидисциплинарен аспект. Проблематиката на корупцијата и нејзината распространетост во земјите во т.н. транзиција е нов феномен и е потребен еден научен пристап од социо-економски аспект, со што ќе се разложат многу актуелни прашања кои чекаат нивно решавање во секојдневниот живот, а посебно за иднината на граѓанското општество како преокупација на нашето општество во третиот милленниум.

Во овој научен труд корупцијата се третира како општествена појава со стара историја и во земјите со долга демократаска традиција, но посебно значење се посветува на земјите од Средна и Источна Европа.

Раслојувањето на населението и појавата на корупцијата во секоја општествена пора во посткомунистичките земји е феномен што раѓа љубопитност за една прецизна и содржајна анализа. Овој труд претставува продолжение на научното третирање на оваа проблематика во земјите на Источна Европа и посебно во Р. Македонија. Нашиот придонес во разложувањето и адекватното третирање на феноменот "корупција" ќе биде придонес за омекнување и елиминирање на пречките за интеграција на земјите во т.н. транзиција во евро-атлантските асоцијации. Убеден сум дека оваа проблематика ќе буди широка заинтересираност во научните кругови, како и кај јавноста во земјата и регионот, со што темата за која зборуваме ќе го земе потребниот третман во прагот на почетокот на преговорите за членство на Македонија во ЕУ.

Човечкиот социјален развиток бил, е и ќе биде преокупација и обид на разните теории (како што се еволутивните теории и на историскиот материјализам) во толкувањето на историската промена во Целина засновајќи се на одредени елементи, посебни фактори кои влијаат и ја детерминираат социјалната промена.

Според добро познатиот англиски социолог *А. Гиденс*,[1] социјалната промена е условена од различни фактори според времето и местото. Главните влијанија над социјалната промена, според авторот, може да се соберат во три главни поделби:

1. *Физичкото опкружување;*
2. *политичката организација и*
3. *културните фактори.*

[1] Anthonny Giddens, “Sociologjia”, Чабеј, 2002, Тирана, стр.614. (на албански јазик)

Различните теории во историскиот развиток на човечкото општество оваа проблематика ја третираат на различен начин. Теоријата на еволуција, според Tallcott Parson, социјалната еволуција ја гледа како продолжување на биолошката еволуција, при тоа потенцирајќи дека механизмите и факторите на развиток се различни. Еволуционистите ја бранат тезата според која физичкото опкружување има влијание над развитокот на човечката социјална организираност. Народите во поларните зони задолжително развиваат различни обичаји и практитки од тие кои живеат во суп-тропските зони.

Општествената промена е процес кој се развива под влијание на разни фактори, а големо и незаменливо влијание има културниот фацтор. Разни форми на човечката свест непосредно влијаат на општествениот живот, како, на пример, религијата може да биде фактор катализатор на прогресот, но во многу случаи и кочница-пречка на брзиот развој на човековото општество. *Max Weber*[2] во своето дело "*Протестантска етика и духот на капитализмот*" во 1904/5 аргументира дека религијата не мора секогаш да биде конзервативна сила, напротив, врз основа на религиски идеи се инспирирани движења кои довеле до домекратски социјални трансформации. Протестантизмот-особено Пуританизмот-бил главниот извор на капиталистичката перспектива создадена на модерниот Запад. М. Вебер се фокусира на објаснување на влијанието на религијата во социјалниот и економскиот живот на разни култури.

Социолошките студии на социјалната промена се и под влијание на другите "класични" теоретичари на социологијата, како што се *K. Marx и E. Durkem*, кои и посветуваат посебно значење на религијата и нејзината улога во општеството.

Социјалната промена како општествен феномен е процес под големо влијание од начинот на политичката организираност. Низ историскиот развиток на човечкото општество се познати различни форми на политичка организација, почнувајќи од полисите во Античка Грција, па до формите на стабилна демократија на современото општество. Какви се промени се случуваат и се развиваат во современото општество сме сведоци на времето, но во исто време и субјект на социјалната промена.

Социјалната промена била тема на дебата и научно истражување во различни кругови и различни периоди на развиток на човечкото општетсво. Теориите на XIX век за социјалната революција биле линеарни, според што секое општество треба да ги помине истите етапи на развој. Заедно со овие теории се развиваат и други линеарни теории кои прифаќаат дека општествениот развиток може да се одвива и во различни линии, кои го водат општеството во различни етапи, зависно од различните услови и фактори. Овие теории го бранат ставот дека општествата поминуваат низ различни патиштан а нивна трансформација и диференцијација.

Еден од најпознатите критичари во врска со различните теории за социјалната промена е Max Weber кој потенцира дека ниедна теорија преку сопствениот фацтор на социјална промена не е во можност да ја објасни разноликоста на социјалниот развој. Освен економскиот фактор, другите фактори ги опфаќаат воената сила, начинот на управување и идеологиите, кои се често од исто значење или и позначајни.[3]

---

[2] Макс Вебер, "Привреда и друштво", II, Београд, 1976.

[3] Макс Вебер, "Привреда и друштво", II, Београд, 1976, Х.Е Барнес, "Увод у историју социологије" И, Београд, 1982, стр. 328.

Социјалната промена продолжува да биде актуелна и во втората половина од XX век, кога човечкото општество поминува низ фаза на многу комплициран развиток што се карактеризира со влијание на вплетени и многубројни "вебериански" фактори. Многубројноста на "веберианските" фактори се манифестира преку влијанието на политичкиот, идеолошкиот и економскиот фацтор во 80-ите години во Источна и Централна Европа, оставајќи го тоталитарниот комунистички режим и почетокот на еден нов демократски процес. Промените што ги донесе пролетта од 1989 година ја најавија жешката есен во Источна и Централна Европа, но истовремено и завршувањето на "студената војна". Овој процес на социјална промена започна со историскиот настан на рушење на Берлинскиот ѕид и градењето на еден нов демократски поредок т.н. фаза или период на транзиција.

Иако сосема случајно, фактот што милиони луѓе во Прага, Софија, Лајпциг, Будимпешт или Варшава се кренаа против комунистичката диктатура точно на 200 годишнината од Француската Револуција, нема сомнение дека благодарение на природата и последиците на "меките" револуции од 1989 година, се работи за повеќе од само продолжување на постојаниот сон на човештвото за еден слободен и праведен свет.[4] Оваа социјална промена во посткомунистичка држава во постреволуционерниот период, познат како процес на општествена транзиција, е исполнет со: изненадување, надеж и опасност за иднината на милиони луѓе опфатени со бранот и залетот на "народна лава" што го опфати секој дел на бифшиот коминистички блок на Европски држави.

Процесот на транзиција во бившо-комунистичките тоталитарни земји најдобро го објаснува Рикард Ланг[5] потенцирајќи дека овој процес на утопистички желби на населението и демагошките ветувања на лидерите на новата политичка елита ќе биде единствена храна за сиромашното и излажано население. Транзицијата е тежок и долг процес и со различни општествени појави кои се манифестираат скоро на идентичен начин во државите од Источна и Средна Европа. Најкарактеристичните појави на периодот на транзиција од социо-економски аспект се манифестираат преку пад на индустриското производство, рекордна невработеност, висока троцифрена инфлација што ја надминува и светската економска криза од 30-тите години на XX век.

Општествената промена што денес и става печат на трансформацијата на државите во транзиција се предмет на интерес на разните научни кругови и дисциплини. Освен дивергентите кои се присутни во теориско-научните студии, би рекол дека постои консензус во врска со неможноста на функционирање на правната држава и пазарната економија, што во крајна инстанце го оспоруваат темпото на надминување на актуелните проблеми со кои се соочува обичниот човек, а тоа се: невработеноста, сиромаштијата, сигурносната состојба, корупцијата и социо-патолошки појави кои се финален резултат на транзицијата.

---

[4] ***Ана Волф - Повеска*** *"Kultura politike në shoqërit post komunisteг (Политичката култура во пост-комунистичките општества) - "Demokracia dhe Ekonomia e Tregut në Evropën Lindore" (Демократијата и пазарната економија во Источна Европа), ЛМГ, Тирана, 1999, стр. 34-41. (на албански јазик)*

[5] ***Rikard Lang*** *"Strategija Ekonomskok razvoja" – Informator, Zagreb, 1989, str.33.*

Патот и начинот на надминување на проблемите со кои се соочува современото општетсво на државите во т.н. транзиција е различен, но со тенденција мерките да бидат идентични и на институционален начин да се најде нивно решение или омекнување.[6]

Политичката состојба, а особено социо-економските проблеми во пост-комунистичка Европа, која содржи во себе како стари норми така и нови искуства, може да се спореди со поминувањето низ некоја непозната стаза. Оваа состојба во пост-комунистичките држави е со многу стази и со многу непознати појави кои уште повеќе ја влошуваат и оспоруваат социјалната промена.

Ако застанеме на анализа на новата реалност во Централна и Источна Европа, ќе ја потврдиме реченицата на Мартин Лутер Кинг дека "нема пат кој воид до демократијата. Демократијата самата е пат".[7] Современото општество како никогаш досега се соочува со еден голем и нерешен проблем, а тоа е надминување на општата социјална криза, излегување од ќор-сокакот и сестраната подршка на патиштата кон развиток на цивилното општество. Пред структурите-елити на државите во транзиција се појавува проблемот на политичка криза која репродуцира општа криза на човекот во општеството. Политичката криза е карактеризирана со ред други секојдневни тешкотии кои уште повеќе ја демаскираат неспособноста и неподготвеноста на политичките раководства да се обидат да ја омекнат тешката социјална и сигурносна состојба на невиното и незаштитено население, кое се наоѓа на крстопат. Оваа тешка социјална криза на државите од Централна и Источна Европа уште повеќе се влошува бидејќи слабите цивилни општества (civil societies) имаат голем багаж од минатото на централизираната држава и на директното влијание на државата т.н Дедо Русија. Влијанието и 75 годишното комунистичко владеење како и 400 годишното наследство на централизираната руска држава е пречка за општествена трансформација и развиток на цивилното општество која би била подготвена да го намали расцепот помеѓу нормативното и стварното. Социјалната промена во пост-комунистичките држави е под влијание на Русија, а во исто време расте и влијанието на другиот дел на западна Европа и аспирациите на овие држави во транзиција за влез во евро-атлантските институции. Нивната интеграција во државите на европската заедница е условено со елиминацијата и намалувањето на девијантните појави, како што е корупцијата и организираниот криминал.

### *1.2. Корупцијата-пречка и кочница на граѓанското општество*

Корупцијата е општествена појава која својот зачеток го има од многу одамна, почнувајќи од античкото општество па наваму, и секогаш била тема и појава која го следи развитокот на човечкото општество. Оваа општествена појава е третирана од страна на голем број на теоретичари и мислители, но во овој случај

[6] ***Јорде Јакимоски,*** *"Социјално - економски последици од приватизацијата во Р.М и Бугарија", Скопје, 2002, стр.33*

[7] ***Ана Волф - Повеска,*** цитирано дело, стр. 47.

ќе ги истакнеме само мислењата на Аристотел и Монтескје кои, во своите дела, тиранијата ја искажуваат и дефинираат како подмитена форма на монархијата.[8]

Дефинирањето на корупцијата од различни автори[9] е реалност и на времето и емпириското третирање на оваа општествена појава, како и основа на многу мултидисциплинарни истражувања. Етимолошкото потекло[10] на поимот корупција доаѓа од латинскиот јазик и има да прави со прилагодување на значењето на зборот цоррумпере, кој збор од своја страна се состои од *cum* (со) и *rumpere* (кршам, расипувам идр.). значењата на зборот корупција се многу; декомпозиција, гадење, разградување, изопачување, расипување, фалсификување, искривување, газење, присилба, силување, повреда и др. Корупцијата е мултидисциплинарна општествена појава, но само социолошкиот аспект на третирање на овој феномен е комплексен и сестран. Овој феномен на човечкото општество има долга временска традиција манифестирајќи и третирајќи се на различни начини и аспекти од страна на разните општествени дисциплини. Социологијата корупцијата ја третира како општествена појава која е опфатена во секој дел, во секоја пора на современото општество, простирајќи се на канцероген и смртоносен начин.

Корупцијата е еден од елементите кој ја држи државата во низок степен на социјална дисциплина. Единствениот лек и начин на успешна борба против корупцијата е демократијата. Научните истражувања кои се реализирани во државите со вековна демократска традиција ја потврдуваат тезата дека единствена алтернатива за развој на современото општество е проширување и развој на демократските процеси, што особено се однесува на државите во транзиција и во развоја. Политичките и правни промени во земјите од Централна и Источна Европа најавија една трансформација на општествениот живот во целина, но пост революционерниот период за луѓето почна да се трансформира во измама и будење од сништата соочувајќи се со горката реалност на транзицијата. Тоа што е кристално јасно за државите во транзиција е дека од нив самите зависи на кој начин ќе ги третираат економскиот криминал и корупцијата, и на тој начин ќе влијаат на развој на институциите и демократските практики.

После револуционерните настани од 1989 година, вредносниот систем се измени скоро во еден ден. Овој процес на промена не е завршен, тој продолжува и се очекува да го носи (на свои плешти) товарот на коренитите економски и политички трансформации. Корупцијата како општествена појава е присутна и во општествата со долга демократска традиција, но во државите во т.н. транзиција тој цути и доминра. Не треба да се лажеме, корумпирани службени лица и бизнисмени без морал ќе има и во иднина, но треба да имаме предвид дека комплицираниот свет на корупција е како некоја заразна болест. Современото општество треба да се спореди со со живиот организам на начин како "проповеда" Херберт Спенсер[11]- "општеството се прилагодува на оопкружувањето, создавајќи една состојба на рамнотежа".

---

[8] ***Andri Koxhaj***, "Administrimi i sektorit publik" (Управување со јавниот сектор), АЛБА,Тирана, стр.222. (на албански јазик)

[9] ***Montesqieu***, "*Mbi frymën e ligjeve*", (За духот на законите), Тирана, 2000 година (на албански јазик)

[10] ***Владо Камбовски, Петар Наумовски***, "Корупцијата", Скопје, 2002.

[11] ***Rudi Supemk***, Sociologia, Skolska Knjiga, Zagreb, 1977, стр. 36.

Според овој теоретичар, нарекуван "Англискиот Аристотел од XIX век", општеството се боти против надворешните животни услови и другите општествени заедници.

Корупцијата во политичкиот систем било навлезено длабоко и во минатото, кога овие земји беа владеани од комунистичките влади. Според Susan Rose-Ackerman[12] во Централна и Источна Европа пред и после промена на режимите, односите меѓу државата и општеството создаваат погоден терен за корупција. Поединците ставени во клучни позиции на системот имале и имаат де фацто монополска власт, без разлика на нивните номинални функции во хиерархијата. Корупцијата е еден начин на надминување на несигурностите на една слаба држава со неразвиена пазарна економија. Овој период се карактеризира со големи имотно-правни промени, но и социјални. Имотот на државата во овој период на трансформација во Централна и Источна Европа почна да се приватизира отфрлајќи ја секоја теорија, како таа на Е. Кардељ, за општествената сопственост "како сечија и ничија", создавајќи нов титулар.[13]

Корупцијата во овие држави на Централна и Источна Европа доаѓа од монополската власт внатре во државниот апарат, што е резултат или на една преголема структура или на една недоволна структура.излез од оваа моментална ситуација е можноста колку повеќе службеници да конкурираат еден на друг, толку помала монополска власт ќе има секој од нив, толку помалку и помал ќе биде платеното мито од страна на човекот и помали можностите за еден службеник да биде подмитуван. Додека се разгледуваат модалитетите на излез од оваа состојба на "аномија", како што би се изразил Диркем, во која се наоѓаат општествата од Централна и Источна Европа, треба да презентираме и некои начини на намалување на корупцијата во јавната администрација. Луѓето по своја природа не се корумпирани, но условите и околностите во кои тие работат и дејствуваат нив ги трансформираат во еден објект на манипулација и злоупотреба на работниот ред.

Моделот на конкуренција предвидува да секој службеник да може да ја извршува бараната услуга, за да постои систем на едноставни и лесни правила за нивна контрола во секој момент.

Целото прашање на транзицијата е тесно поврзано со успехот на третирање на проблемот на корупцијата, затоа треба да се анализира и еден од моделите за омекнување на овој феномен.

Моделот на Max Weber се базира на класичните идеи на намалување на дискреционите овластувања на луѓето од јавниот сектор и отварање на моделот на односи помеѓу јавниот и приватниот сектор. Овој модел содржи пет клучни критериуми на коректна бирократија, кои се во спротивност со патернализмот:[14]

1. службените работи треба да се извршуваат во во согласност со пропишаните правила;
2. авторитетот и одговорностите на секој од службениците се дел од хиерархијата;

---

[12] ***Susane Rous Ackerman***, "*Coruption: A study in political Economy*", Academic Press, New York, 1978.

[13] ***Едвард Кардељ***, "Правците на развојот на социјалистичкото самоуправување", НИП Комунист, Скопје, 1986.

[14] ***Alfred Stepan***, "Korupsioni demokratik" (Демократска корупција), Афердита, 1994, Тирана, стр.32.

3. службениците и другите јавни службеници немаат сопственост врз потребните извори за извршување на дадените функсии (сепак, полицијата може да има сопственост врз сопственото оружје, но таа не треба да има одговорност за употреба);
4. канцелариите не може да станат сопственост на тие кои работат во нив и службените работи се вршат врз основа на пишаните и обично јавни документи, во другите држави на Централна и Источна Европа;
5. службените работи се вршат врз основа на пишаните и обично јавни документи.

Макс Вебер не ги употребува зборивите транспарент, но петте критериуми за идеална бирократија може да се толкуваат како да имаат цел елиминирање на дискреционите овластувања и зголемување на транспарентноста во модерната бирократија. Петте критериуми се одличен показател за степенот на корупција во државата.

Корупцијата и скандалите на корупција не се нови феномени во општеството, а посебно не во државити во т.н. транзиција.[15] Денеска корупцијата се прифаќа од сите луѓе како животен факт. Мафијата е најпознат фактор во јавноста во: Русија, ингарија, Укараина и државите во транзиција и е многу тешко да се мобилизира општеството против корупцијата бидејќи стравот за учество во неа е премногу голем. Според истражувањата направени во државите во транзиција може да се повлече паралела на сличност помеѓу сите држави бидејќи корумпираните властодршци во нивните позиции не се заинтересирани и не бараат нови решенија.[16] Тие сакаат да ја држат власта до крајот на мандатот бидејќи вршењето на власта им носи голема добивка. Револуцијата се корумпира, нивните водачи се обични луѓе, со просечни способности а често и неморални. Населението се излажува, лажните револуциските идеали се демаскираат и државата се трансформира од едно нормално во корумпирано општество.

Пост-социјалистичките држави се наоѓаат пред три генерални социјални проблеми:

1. рушење на социјалната основа на општеството и раѓање на аспирациите;
2. неразвиен и неефикасен систем на демократските институции;
3. недостаток на демократска традиција и култура.

Овие гореспоменати проблеми во себе содржат голем број на општествени појави создавајќи една напната состојба без перспектива, со бриги и страв за тоа што ќе носи уитрешницата. Времето на несигурност во државите во транзиција ни носи поголемо насилство, криминал, алкохолизам, наркоманија, корупција итн.

Според истражувањата на Transparency International спроведени во 2000 година, Албанија се смета дека има највисоко ниво на корупција во регионот. Според истражувањето во кое беа вклучени повеќе од 99 држави, Албанија се рангира на 84-то место, и оваа класификација е направена според показател кој ги вреднува државите од 0 (најкорумпираните држави) до 10 (држави без проблемот на корупција). Во продолжение следи Табела 1 во која се наведени државите во регионот од Унгарија до Албанија.

---

[15] James Brook, "*The New York times*" 4 јануари, 1994.
[16] *Утрински Весник*, Скопје, од 24.04.2002 година.

| **Држави** | Показател на корупција (1-10) | Поредок (од 99-те држави) |
|---|---|---|
| Унгарија | 5.2 | 31 |
| Булгариа | 3.3 | 63 |
| Македониа | 3.3 | 63 |
| Романија | 3.3 | 63 |
| Хрватска | 2.7 | 74 |
| Албанија | 2.3 | 84 |

*Табела 1: Корупцијата во некои посткомунистички држави*
*(Извор: Анди Коцај,наведено дело, види фус нота 8, стр. 243-247)*

| **Поредок** | **Држава** | **Показател** | **Број на анкети** |
|---|---|---|---|
| 1 | Данска | 9.94 | 6 |
| 2 | Финска | 9.48 | 6 |
| 3 | Шведска | 9.35 | 6 |
| 4 | Нов Зеланд | 9.23 | 6 |
| 5 | Канада | 9.10 | 5 |
| 6 | Холандија | 9.03 | 6 |
| 7 | Норвешка | 8.92 | 6 |
| 8 | Австралија | 8.86 | 5 |
| 9 | Сингапур | 8.66 | 6 |
| 10 | Луксембург | 8.61 | 4 |
| 11 | Швајцарија | 8.61 | 6 |
| 12 | Ирска | 8.28 | 6 |
| 13 | Германија | 8.23 | 6 |
| 14 | Англија | 8.22 | 6 |
| 15 | Израел | 7.97 | 5 |
| 16 | САД | 7.61 | 5 |
| 17 | Австрија | 7.61 | 5 |
| 18 | Хонг Конг | 7.28 | 7 |
| 19 | Португалија | 6.97 | 5 |
| 20 | Франција | 6.66 | 5 |
| 21 | Јапонија | 6.57 | 7 |
| 22 | Коста рика | 6.45 | 4 |
| 23 | Чиле | 6.04 | 6 |
| 24 | Шпанија | 5.90 | 6 |
| 25 | Грција | 5.35 | 6 |
| 26 | Белгија | 5.25 | 5 |
| 27 | Чешка | 5.20 | 6 |
| 28 | Унгарија | 5.18 | 6 |
| 29 | Полска | 5.02 | 5 |
| 30 | Италија | 5.03 | 7 |
| 31 | Тајван | 5.02 | 6 |
| 32 | Малезија | 5.01 | 6 |
| 33 | Јужна Африка | 4.95 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34 | Јужна Кореја | 4.29 | 7 |
| 35 | Уругвај | 4.14 | 4 |
| 36 | Бразил | 3.56 | 6 |
| 37 | Романија | 3.44 | 4 |
| 38 | Турција | 3.21 | 6 |
| 39 | Тајланд | 3.06 | 6 |
| 40 | Филипини | 3.05 | 6 |
| 41 | Кина | 2.88 | 6 |
| 42 | Аргентина | 2.81 | 6 |
| 43 | Вијетнам | 2.79 | 4 |
| 44 | Венецуела | 2.77 | 5 |
| 45 | Индија | 2.75 | 7 |
| 46 | Индонезија | 2.72 | 6 |
| 47 | Мексико | 2.66 | 5 |
| 48 | Пакистан | 2.53 | 4 |
| 49 | Русија | 2.27 | 6 |
| 50 | Колумбија | 2.23 | 6 |
| 51 | Боливија | 2.05 | 4 |
| 52 | Нигерија | 1.76 | 4 |

*Табела 2. Учество на државите восветската корупција*
*Извор: (Извор: Анди Коцај, наведено дело, види фус нота 8, стр. 243-247)*

Податоците од Табела 1 и Табела 2 се од 2000 година, додека состојбата на Македонија и Албанија во 2005 е земено од едно истражување од кое произлегуваат следните податоци со некои промени во правец на пораст на корупцијата во државите од регионот. Што се однесува до Македонија таа е на 9-тата позиција и тоа во групата држави од Западен Балкан од кои само Албанија е после неа, на десетто место. Од балканските држави со подобра положбан а светската листа се наоѓа Бугарија која се позиционира на 55-тото место, а на листата на балканските држави таа го држи првото место.

Според податоците од НВО "Транспарентност Македонија" Македонија се наоѓа на 103-тото место од 158 земји на годишната листа на државис поред индексот на корупција на меѓународната организација "Транспаренцѕ Интернационал", за разлика од минатата 2004 година кога од 146 држави Македонија се наоѓаше на 97-то место. Според рангирањето на државите според корумпираниот бизнис, Македоија е дел од групата држави како Гамбија, Свазиленд и Јемен.[17]

Ако се анализира нивото на корупција на државите од Западен Балкан, Македонија е на 9-тото место и по неа доаѓа само Албанија. Од поуспешните држави од земјите на Западен Балкан на најдобра положбан а светската листа се наоѓа Бугарија на 55-тото место, а по неа доаѓаат Турција на 65-тото место, Хрватска, Романија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гораитн.

Според меѓународниот рејтинг против корупцијата, водат скандинавските држави и тоа Исланд, Финска, Нов Зеланд, Данска, Шведска идр. Најслаби резултати покажуваат државите од Средна Азија и јужните републики на Кафказ како Бангладеш и Чад.

[17] Весник, Скопје, 19.10.2005.

### *1.3. Македонија и корупцијата*

Нашата земја ја дели среќата на државите во транзиција и се соочува со сите пречки со кои се соочуваат другите држави од регионот. Лошата економска и социјална состојба секој ден се повеќе се влошуваат и ја затвораат перспективата за побрз излез од овој ќорсокак. Рекордната невработеност и загрижувачката сиромаштија се проблеми со кои најмногу го оптоваруваат и спречуваат економскиот и општествениот развиток во Македонија.[18]

Лошата економско-социјална положба во РМ е најпогодното место за појавата на корупцијата и организираниот криминал. Оваа состојба во Македонија продолжува да се влошува и понатаму иако Владата на РМ во својата програма за работа од периодот 2002-2006 како стратешки приоритет ја определува борбата против корупцијата. Во реализацијата на стратешката програма на Владата на РМ постои голема дискрепанца помеѓу реалното и нормативното. За што се работи може да научиме ако се направи анализа на законската регулатива од овој период, како и усвојувањето на оваа регулативе во Собранието и на крај како истата се применува во практика.

Усвојувањето на Законот за спречување на корупцијата[19] (член 49, став 1, алинеа 1) ја задолжува комисијата за спречување на корупцијата да усвои државна програма за превенција и борба против корупцијата. Мерките за борба против корупцијата се опфатени и како приоритет на државата во периодот на започнување на преговорите за членство во ЕУ. Во приоритетите што нашата држава ги предвидува се: реформа во јавната админстрација, реформа во судството, јавните набавки, реформа на полицијата и царината, како и борбата против организираниот криминал. Владата и Парламентот на Р. Македонија се обидуваат да го задржат чекорот со усвојувањето и измената на правната регулатива со барањата и потребата што ЕУ и НАТО ги обврзуваат државите коии сакаат да се заТленат во евро-атлантските асоцијации. Државите од Западен Балкан мегу кои и Македонија, како што видовме во годишниот извештај на Transparency International од 2005 година, стагнираат во борбата против корупцијата и организираниот криминал во Македонија, почнувајќи од изборите во 2002 година, има флагрантни кршења на човековите слободи и права, кражба и фалсификација на слободниот глас на граганите, со што е закочен процесот на демократизација на општеството. За разните општествени девијации покажуваат и извештаите на мегународните организации како што е тој на Хелсиншкиот Комитет.[20] Од изложеното се поставува прашањето зошто изостануваат резултати во намалувањето на корупцијата и зошто се проширува организираниот криминал во РМ? Ова и други прашања се многу, а одговорт е само еден, дека е изгубена довербата во органите на

[18] Дневник, Скопје, 04.01.2005. според податоците на Заводот за статистика на РМ бројот на невработени е 390.619 со тенденција за понатамошен растеж; Иван Дамјаноовски, *Регионалната политика на Европската Унија за сузбивање на сиромаштијата*, Политичка мисла, бр.5, Скопје, 2004.

[19] Службен весник на РМ, број 28/2.

[20] Годишен извештај на Хелсиншкиот Комитет за човекови права во РМ за 2004 година.

власта и претставниците на народот во Парламентот. Постојат и ред други проблеми зошто состојбата во Македонија е ваква, но причините, ако се разгледуваат истражувајќи од научен аспект, е дека тоа е единствената варијанта за откривање на причините и потребната терапијата во општеството на аномија на Емил Диркем.

### *1.4. Препораки за борба против корупцијата*

- Развиток на граѓанското општество е перспектива и надеж за успехот на борбата против корупцијата.
- Реформите во јавната администрација ќе биде континуиран процес во земјите во транзиција.
- Градењето на способна јавна администрација ќе придонесе за интегрирање на земјата во Европската Унија.
- Поправање на методите и јакнење на мерките за борба против корупцијата во државниот сецтор водејќи сметка за политичката неутралност.
- Реализација на реформите во јавниот секторкако и успешна имплементација на децентрализацијата на власта.
- Реформи во судскиот систем.
- Реформи во информатичкиот систем како предуслов за создавање на јавно мислење што ќе ја подржи борбата против корупцијата и организираниот цриминал.

### *1.5. Заклучок*

Социјалната промена во општеството е процесс кој зависи од многу фактори од минатото, нмо особено од политичката организираност на општествата во т.н. транзиција. Политичко-правните промени во втората половина на минатиот век во Централна и Источна Европа и дадоа крај на студената војна и пролетниот бум на народното движење најави дека општествена транзиција и социјална промена ќе бидат клучните прашања на третиот милленниум. Државите во транзиција се соочуваат со егзистенцијални проблеми после повлекувањето на железната завеса што ниг херметички ги делеше од развитокот на граганското општество во современото општество.

Економијата на државите во транзиција е сеуште затворена и нестабилна создавајќи само монополи со што се проширува просторот за корупцијата и организираната мафија. Јавните услуги се сервис на транзиционите олигархии, а правилата се толкуваат во името на револуцијата. Јавната администрација во земјите во транзиција е пренатрупана а од друга страна постојат паралелни системи на партиските и неформалните органи кои ја контролираат администрацијата. На место професионализација и постигнување, основен критериум за напредување е партиската линија. Изборот на персонал се базира на номенклатура, а не на познавањата (кадровскиот кадар) се привилегирани и создаваат и распределуваат работни места за доверените луге на новата партиска олигархија. Тешката

економска положба и натрупаните политички проблеми во земјите во транзиција создаваат простор за развој на корупцијата која го спречува економскиот и општествениот развој покрајразвиениот свет.

***Литература***


- Anthony Giddens, *Социологија*, Чабеј, Тирана, 2002;
- Ali Dida, *Fillet e sociologjise*, (Основи на социологија-на албански јазик), 1997, Тетово.
- Max Weber, *Привреда и друштво*, Београд, 1997.
- Kval-Mellbye-Trandy, *Politika dhe demokracia*, (Политика и демократија-на албански јазик), Розафа, Приштина, 2005.
- Luan Omari, Shteti i se drejtes, (Правна држава, на албански), Тирана, 2002.
- Владо Камбовски, Корупцијата-најголемо општествено зло и закана за правната држава, 2002, Скопје.
- *Партиципацијата и кризата во македонската економија*, Економски институт, Скопје, 2002.
- *Социално економски последици од приватизацијата ва РМ И Булгариа*, Фридрих Еберт Штифтунг, Скопје, 2002.
- Руди Шупек, *Социологија*, Загреб, 1977.
- Франсоа Перн, *За филозофију новог развоја*, 1986, Београд.
- Јорде Јакимовски, *Општествената структура на селото*, Скопје, 2004.
- Andri Koxaj, *Administrimi i sektorit publik*, (Управување со јавниот сектор, на албански), Тирана, 2002.
- Verner Vajdenfeld, *Demokracia dhe ekonomia e tregut ne Evropen Lindore* (Демократијата и пазарната економија во Источна Европа, на албански), Тирана, 1999.